# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

21 ноември 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 20



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 а во врска со член 82 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 став (3) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/08 и 11/08), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКА НА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Со оваа одлука се прифаќа барањето на Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата за подобра Македонија, бр.08-5195/1 од 15.11.2018 година и се поништува одлуката на Градоначалникот на Општина Гази Баба, бр.08-4657/1 од 16.10.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/08).

### Член 2

Примерок од одлуката да се достави до Совет на Општина Гази Баба, за да се пристапи кон расправање и одлучување во однос на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Од страна на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата за подобра Македонија до Државниот инспекторат за локална самоуправа беше поднесена претставка бр.08-910/1 од 14.09.2018 година, со која беа наведени одредени неправилности во врска со спроведената постапка за избор на членови на советите на урбаните и месните заедници на територија на Општина Гази Баба. Имајќи во предвид дека иако сите дејствија за распишување и одржување на изборите беа во координација со сите членови во Советот на Општина Гази Баба, сепак наводите изнесени во претставката оставија дамка на изборот на членови на советите, па од таа причина, а со цел спроведување на нова постапка за избор на членови на советите на урбаните и месните заедници на територија на Општина Гази Баба, беше донесена одлука бр.08-4657/1 од 16.10.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/08).

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата за подобра Македонија до Градоначалникот на Општина Гази Баба, достави барање бр.08-5195/1 од 15.11.2018 година за отповикување на одлуката бр.08-4657/1 од 16.10.2018 година. Во прилог на барањето беше и поднесок од 15.11.2018 година од советничката група до ДИЛС за **повлекување на претставката** бр.08-910/1 од 14.09.2018 година.

Поради изнесеното а во функција на јавниот интерес и интересите на советите на урбаните и месните заедници, избрани на слободни, фер и демократски избори, се одлучи како во изреката на одлуката.

**Број 08-5195/2**
**од 15.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно-правна комисија**
**Бр.09-5305/1 од 21.11.2018 година**
С К О П Ј Е

По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлуката за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови, бр.09-5005/6 од 08.11.2018 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.19/18), донесена на Шеснаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 08.11.2018 година, сторена е техничка грешка, поради што согласно член 123 став (1) алинеја 6 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, ја дава следната

**И С П Р А В К А**

1. Во член 1 од одлуката стои: "2 (две) семејства од опожарени домови", **треба да стои:** 1 (едно) семејство од опожарен дом".

2. Оваа исправка ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.20/18 и станува составен дел на Одлуката за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови, бр.09-5005/6 од 08.11.2018 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.19/18).

**СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

**Претседател,**
**Александар Трајковски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за поништување на одлука на Градоначалник на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .3

**ИСПРАВКА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.20/18**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци